**20220810972**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 март 2022 година, донесе

### ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/22), во делот XIX ставот (3) се менува и гласи:

„Средствата од делот II став (2) потточка 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Северна Македонија“ која се спроведува согласно член 4 од Уредбата, се наменети за:

- „Fancy Food“ - Њујорк САД;
- „Food & Drink Expo“ - Бирмингам, Велика Британија;
- „Prodexpo“ - Москва, Руска Федерација;
- „Green week“ - Берлин, Германија;
- „Fruitlogistica“ - Берлин, Германија;
- „ProWein“ – Дизелдорф, Германија;
- „WorldFood Poland“ – Варшава, Полска;
- „Vinitaly“, Верона, Италија;
- „ProWein Schanghai“ – Кина;
- „Interwine Guangzhou“ – Кина и
- „World Bulk Wine Exhibition“ – Амстердам, Холандија.“

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Средствата од делот II став (1) потточка 1.2 за учество на саемите за промоција на земјоделски производи вон Република Северна Македонија од ставот (3) алинеи 3, 4 и 5 од овој дел ќе се исплаќаат за учество на саеми во 2022 година, како и во 2023 година.“

Ставот (4) станува став (5).

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите „ставот (4)“ се заменуваат со зборовите „ставот (5)“.

Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

Во ставот (11) кој станува став (12) зборовите „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите „ставот (11)“.

II

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2868/1
29 март 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.